Заклучоци и препораки од тркалезната маса

1. Македонија поминува повеќегодишен период на развој и достигнувања во заштитата на правата и слободите на граѓаните, каде единаесет годишната работа на институцијата Народен правобранител има значаен удел.

2. Во иднина не очекуваат нови предизвици во заштита на човековите права, посебно во заштитата од дискриминација, заштита на посебни групи и заштита од тортура.

3. Постои потреба од проширување и подобрување на позицијата на институцијата Народен правобранител, вклучувајќи, но не само во финансиската независност (иако истата е од големо значење за остварување на целите на Институцијата Народен правобранител).

4. Постои потреба од Закон за спечување и заштита од дискриминација, кој ќе значи промоција на еднаквоста, а со тоа и усогласување со законодавството на Европската Унија и појаснување на улогата на Народниот правобранител на ова подрачје на делување.

5. Потребна е ратификација на ОПКАТ и уредување на истрагата , но и превентивните функции кои ќе бидат определени во поширок консултативен процес со консензус на сите заинтересирани страни.

6. Постои посебна потреба од спречување и заштита од дискриминација на посебни маргинализирани (ранливи) групи како што се децата, лицата со хендикеп, жените и Ромите.

7. Потребно е разгледување на различните искуства од Европа за решавање на институционалната заштита за маргинализираните групи. Овие искуства се движат од една институција Народен правобранител со законски предвидени заменици за одредени групи, а некаде постојат дури и уставни решенија со кои се предвидени посебни народни правобранители. Во зависност од нашиот национален контекст треба да се определиме кој модел е најприфатлив. Ова треба да се направи во консултативен процес бидејќи е потребен стратешки пристап за избор на моделот и бројот на институциите.

8. Се охрабрува понатамошна меѓусекторска соработка на институцијата Народен правобранител со државните институции и граѓанските организации, експерти и сите други засегнати страни.